Уп. Бр.08-159/2022

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од  Алвин Финансинг (ОК) Лимитед (Allwyn Financing (UK) LTD),  со седиште на One Connaught Place, 5 кат, Лондон, Обединето Кралство, В2 2ЕТ , преку полномошник Татјана Поповски Булоски, адвокат од Адвокатско друштво Поповски и Партнери од Скопје, на седницата одржана на ден 29.12.2022 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување на целосна контрола од страна на Алвин Финансинг (ОК) Лимитед (Allwyn Financing (UK) LTD),  со седиште на One Connaught Place, 5 кат, Лондон, Обединето Кралство, В2 2ЕТ  над Камелот ОК Лотарии Лимитед (Camelot UK Lotteries Limited), со седиште на Толпитс Лејн Ватфорд, Хертфордшир ВД18 9РН, Обединето Кралство, по пат на купопродажба на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата  за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 06.12.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од старна на Алвин Финансинг (ОК) Лимитед (Allwyn Financing (UK) LTD),  со седиште на One Connaught Place, 5 кат, Лондон, Обединето Кралство, В2 2ЕТ  со која  Алвин Финансинг (ОК) Лимитед ќе стекне целосна контрола врз Камелот ОК Лотарии Лимитед (Camelot UK Lotteries Limited), со седиште на Толпитс Лејн Ватфорд, Хертфордшир ВД18 9РН, Обединето Кралство, по пат на купопродажба на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Алвин Финансинг (ОК) Лимитед е правно лице со посебна намена за спроведување на тековната трансакција, кое нема друга деловна активност. Ова друштво припаѓа на Алвин Групацијата која е дел од ККЦГ групацијата.

ККЦГ групацијата инвестира во различни деловни области, вклучувајќи лотарии и игри на среќа, енергија, недвижности, информатички технологии и е активна во повеќе од 33 држави во светот.

Во Република Северна Македонија, ККЦГ групацијата е присутна на пазарот за работење со терминали за видео лотарија и информатички технологии преку следните друштва:

- Друштвото за приредување на игри на среќа КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;
- Друштвото за приредување на игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија - КАСИНОС АУСТРИА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;
- Сеавус ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност - компјутерско програмирање;
- Сеавус едукативен центар и развој ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност - друго образование неспомнато на друго место; и
- Друштво за производство, трговија и услуги МУСАЛА СОФТ ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност - компјутерско програмирање.

Камелот ОК Лотарии Лимитед е со приоритетна дејност организирање на национална лотарија во Обединетото Кралство. Камелот нема деловни активности во Република Северна Македонија или во други земји каде што ККЦГ групацијата е активна во приредувањето игри на среќа, односно Република Чешка, Република Грција, Кипар, Австрија и Италија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или

на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**